**Министерството за информатичко општество**
**и администрација**

Министерството за информатичко општество и администрација во рамки на заедничката соработка со Институтот за јавна администрација за Турција и Блискиот Исток (The Public Administration Institute for Turkey and the Middle East - TODAİE) објавува

# КОНКУРС

## за доделување стипендии за магистерски и докторски студии за студиската 2016/2017 година

Институтот за јавна администрација за Турција и Блискиот Исток (The Public Administration Institute for Turkey and the Middle East –**TODAİE** **www.todaie.edu.tr** ) во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација ќе додели четири стипендии на студии за академската 2016/2017 година за административни службеници од Република Македонија. Ќе бидат доделени три стипендии за магистерски студии на Интернационалната програма за магистерски студии за јавна администрација (International Public Administration Master Program - APEP) и една стипендија за докторски студии на Програмата за политички науки и јавна администрација (Political Science and Public Administration ph.d. Program). Програмите се одвиваат на англиски јазик.

На конкурсот може да се пријават лица со следниве квалификации:

- Завршено соодветно високо образование во областа на правото, менаџмент во јавниот сектор, јавната администрација или други слични области;
- Да биде административен службеник вработен во институција во Република Македонија;
- Да има солидно познавање на англискиот јазик ( мин. ниво :TOEFL ниво 550 PBT или 82 IBT )
- Да обезбедат официјален документ од институцијата во која работат дека им е дозволено отсуство од работното место во период на траење на програмата

**Начин на пријавување**

Заинтересираните лица треба да поднесат куса биографија и документи, во скенирана форма, кои докажуваат дека ги исполнуваат условите наведени во конкурсот на следнава е-маил адреса: stipendii@mioa.gov.mk

Во период од девет месеци, колку што трае програмата, на секој корисник на стипендијата ќе и биде обезбедено сместување, три оброци на ден, повратни авио билети и месечна стипендија во износ од 850 турски лири за студентите на магистерски студии, односно месечна стипендија во износ од 1200 турски лири за студентите на докторски студии.

Интернационалната програма за магистерски студии за јавна администрација (International Public Administration Master Program - APEP) трае од 19 септември 2016 до 05 мај 2017 година. Програмата за политички науки и јавна администрација (Political Science and Public Administration ph.d. Pprogram) трае од 28 септември 2016 до 28 април 2017 година. Корисниците на стипендиите треба да бидат во Анкара пред почетокот на програмата.

Лицата кои ќе бидат корисници на стипендиите мора да потпишат договор со институцијата во која работат дека по завршување на програмата ќе работат за институцијата во рок од 2 години.

**Рок за пријавување**

Рокот за пријавување е најдоцна до **15 август 2016 година**.